МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЗАОСТАНАТИТЕ КОЛИЧИНИ НА ЃУБРИЊА И СУРОВИНИ КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ПРЕФОРМУЛИРААТ, ОД КОИ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ ЃУБРИЊА, КАКО И НИВНИТЕ ПАКУВАЊА, ЗАРАДИ СОБИРАЊЕ, СМЕСТУВАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на евидентирање на ѓубрињата на заостанатите количества од ѓубриња и суровини кои не можат да се преформулираат, од кои не може да се произведуваат ѓубриња, како и нивните пакувања, заради собирање, сместување и уништување на пропишан начин.

## Член 2

Евидентирањето на заостанатите количини ѓубриња, суровини и пакувања на ѓубриња се врши на начин со кој се утврдуваат:
- видот на заостанатите количини на ѓубриња суровини и пакувања на ѓубриња;
- количините на заостанатите ѓубриња, суровини и пакувања на ѓубриња; и
- адресите или локациите на кои се сместени заостанатите количини на ѓубриња, суровини и пакувања на ѓубриња.

## Член 3

При евиденцијата заостанатите количини на ѓубриња, суровини и пакувања на ѓубриња, се сместуваат во магацински простор, одвоено од другите ѓубриња, суровини и пакувања на ѓубриња, чија подлога и зидови се изолирани со керамички плочки заради заштита од влага а плафонот е изолиран со мрсна боја заради заштита од штетни микроорганизми (загадувачи); има соодветна вентилација, обезбедена со филтри заради проветрување; температурата во просторијата е од 8 $^{o}$ C до 18 $^{o}$ C; има услови за одржување на влага 40% минимална до максимално 50%; и вратата херметички се затвора.

## Член 4

Лицата кои се вклучени во постапката на евидентирање на заостанатите количини на ѓубриња, суровини и пакувања на ѓубриња треба да бидат опремен со: заштитна облека-комбинизон; заштитни очила, или заштита за очите во комбинација со заштитната маска за дишење; соодветни ракавици; соодветни чизми; и заштитна капа.

## Член 5

При евидентирањето заостанатите количини на ѓубриња и суровини на ѓубриња од кои не можат да се произведуваат ѓубриња, треба да бидат сместени во магацински простор за натамошно уништување.

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 17-471/3
јули 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски** , с.р.